Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

Арх.бр 31 - 3386/1
Дата: 11.06.2019 година

12. 06. 2019

До: Корисници на EXIM системот за увоз/извоз

Почитувани,

Ве информираме дека од 01.06.2019 година започнува со оперативна примена новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) во делот на извозните царински постапки, а од 01.07.2019 година во делот на увозните постапки.

СОЦДАД системот е автоматски поврзан со системот за Интегрирана тарифна околина (ИТО) во кој се администрираат тарифните ознаки, тарифните и нетарифни мерки и пресметка на царинските и други давачки по тарифни ознаки во постапките на увоз или извоз. Дополнително СОЦДАД и ИТО системите имаат интерфејси за комуникација со EXIM системот. На овој начин, со почетокот на оперативна примена на новиот СОЦДАД, на 1 јуни 2019 година, ќе започне и автоматско управување (раздолжување) на одобрените количини во дозволите опфатени во EXIM системот, со количините декларирани во електронската царинска декларација во СОЦДАД, во која економските оператори се референцираат на соодвената дозвола издадена во EXIM системот.

За правилна примена на оваа функционалност, на 31 мај 2019, потребно е во целост да се применуваат правилата за пополнување на податоците во барањата за дозволи во EXIM, односно податоците кои се предмет на проверка, валидација и раздолжување (означени со * во електронската форма на барањето за дозвола), треба во целост да соодветствуваат со податоците внесени во електронската царинска декларација, поднесена во СОЦДАД системот, за соодветната пратка. Во спротивно, СОЦДАД системот ќе ја одбие поднесената декларација во системот.

За увозните постапки истото ќе важи од 01.07.2019 година.

Истовремено, Ве информираме дека за да се овозможи новата функционалност за автоматското управување со количините, на 31 мај 2019 година, сите извозни дозволи во EXIM, а на 01.07.2019 година сите увозни издадени дозволи, кои имаат тековен статус „делумно искористено" со системска процедура ќе добијат статус „изминат рок" и истите нема да можат повеќе да се користат при спроведување на царинската постапка.

СЕКТОР ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И УПРАВНИ И НАДЗОРНИ РАБОТИ

Економските оператори, кои имаат такви дозволи, до Министерството за животна средина и просторно планирање, преку EXIM системот ќе треба да поднесат ново барање за дозвола.

Со почит,

**МИНИСТЕР**
**Sadulla Duraki**

Изработил: Тања Пауновска
Одобрил: Државен секретар, Ана Петровска